Врз основа на член 13 став (9) од Законот за данок на моторни возила (,,Службен весник на Република Северна Македонија" број 261/19) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува содржината, начинот на пополнување и поднесување на пријавата за плаќање на данокот за моторни возила.

**Член 2**

(1) Пријавата за плаќање на данокот на моторни возила се пополнува и се поднесува на хартија во бела боја во А-4 формат.

(2) Содржината на пријавата од став (1) на овој член е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија" а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 20 –_________

____________ 2019 година

Скопје

Министер за финансии

д-р Нина Ангеловска